бр.12-708/2
од 25.04.2019 г.
Кратово

Врз основа на член 35 став 3 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М. бр.199/14,44/15,193/15,31/16,163/16,90/17,64/18 и 168/18) и донесената Годишна програма за изработка на урбанистички планови,урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација на општина Кратово за 2019 година,донесена со Одлука бр.09-1942/1 од 18.12.2018 година,од страна на Советот на општина Кратово,Градоначалникот на општина Кратово го дава следното

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

за организирање на Јавна презентација и Јавна анкета по предлог Урбанистички план за село Нежилово

Се известуваат граѓаните на општина Кратово дека се организира Јавна презентација и Јавна анкета по предлог Урбанистички план за село Нежилово,со тех.бр.ПУ-085-05/16/3 од Декември 2018 година,изработен од ГЕИНГ Кребс унд Кифер Интернешнл и др од Скопје.
Границата на планскиот опфат на Урбанистички план за село Нежилово,општина Кратово е прикажана со испрекината црвена линија во графички дел на планот.
Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 33,91ха.
Јавната презентација со стручно презентирање на предлог Урбанистички план за село Нежилово,со тех.бр.ПУ-085-05/16/3 од Декември 2018 година,изработен од ГЕИНГ Кребс унд Кифер Интернешнл и др од Скопје ,ќе се одржи на ден 09.05.2019 година со почеток во 12 $^{00}$ часот во салата на советот на општина Кратово.
Јавна анкета по предлог Урбанистички план за село Нежилово,со тех.бр.ПУ-085-05/16/3 од Декември 2018 година,изработен од ГЕИНГ Кребс унд Кифер Интернешнл и др од Скопје,ќе трае 5 работни дена и во електронска и во писмена форма ,секој работен ден од 8$^{00}$ до 16$^{00}$ часот во просториите на Одделението за урбанизам,комунални работи заштита на животната средина и лер при општина Кратово во период од 06.05.2019 година до 10.05.2019 година,во кој период заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки,предлози и мислења на анкетните листови кои можат да ги подигнат од просториите на Оделението и од web страната на општина Кратово www.opstinakratovo.gov.mk,или во електронска форма преку информацискиот систем e-urbanizam.Во прилог на анкетните листови да се достави копие од катастарски план и имотен лист за парцелата за која се доставува забелешката.
Графичкиот прилог од предлог Урбанистички план за село Нежилово,ќе биде изложен на огласна табла во зградата на општина Кратово,во информацискиот систем e-urbanizam и на web страната на општина Кратово,а подетални информации во врска со Урбанистичкиот план за село Нежилово може да се добијат во Одделението за урбанизам комунални работи заштита на животната средина и лер при општина Кратово.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА · ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КРАТОВО · 1213 · КРАТОВО · 1

Градоначалник
**д-р.Љупчо Бојаџиев**

Ljupcho Bojadjiev

Digitally signed by
Ljupcho Bojadjiev
Date: 2019.04.25
15:24:43 CEST